**20260290418**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА ЖЕНИТЕ КОИ ВРШАТ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА

I

- Со оваа програма ќе се реализира мерка за финансиска поддршка на жените кои вршаат земјоделска дејност и имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец, со неповратни средства. Со оваа програма ќе им биде овозможено користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање, кој надоместок не е опфатен со прописите од областа на работните односи за платено породилно отсуство.
- Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 1.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25) раздел 14004, потпрограма 23, ставка 464 - разни трансфери кои од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата) ќе се користат за финансиска поддршка во износ од 100.000,00 денари за деветмесечен надоместок за мајчинство на жените кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец стекнат согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.
- Дел од средствата од ставот (2) на овој дел во износ од 300.000,00 денари се наменети за неподмирени обврски од Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2025 година.

II

- Финансиската поддршка од делот I став (2) од оваа програма се доделува на жена за родено дете во периодот од 1.12.2025 година до 1.12.2026 година и:
- е запишана во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како носител или член на семејното земјоделско стопанство,
- семејното земјоделско стопанство во кое членува остварило финансиска поддршка согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година во износ од најмалку 50.000,00 денари или има остварен приход од вршење на земјоделска дејност за 2024 и 2025 година во висина од најмалку 150.000,00 денари и
- има непрекинат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување во времетраење од шест месеци пред раѓање на детето.
- Финансиската подршка од ставот (1) на овој дел се реализира врз основа на поднесено барање до Агенцијата најдоцна до 10 декември 2026 година кон кое треба да се достави следната документација:

- извод од матична книга на родени за детето за кое се бара надоместок за мајчинство или отпусно писмо од здравствена установа каде што е извршено породувањето;

- уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки издадено од Управата за јавни приходи по датумот на раѓање на детето;
- решение од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за утврден статус на осигуреник-индивидуален земјоделец;
- потврда издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија дека мајката не била вработена во редовен работен однос во период од шест месеци пред раѓање на детето;
- фотокопија на трансакциска сметка на мајката и
- годишна даночна пријава за остварен доход за 2024 и 2025 година, издадена од Управата за јавни приходи како доказ дека земјоделското стопанство каде мајката е носител или член на семејното земјоделско стопанство остварило приход од вршење на земјоделска дејност во висина од најмалку 150.000,00 денари.
- Документацијата од ставот (2) алинеите 1, 2, 3, 4 и 6 на овој дел се доставува во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

III

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на директорот на Агенцијата, најдоцна до 25 декември 2026 година.

IV

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 јануари 2027 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-634/6
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.